Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), во согласност со Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ЗА ХРАНА, УГОСТИТЕЛСТВО, ТУРИЗАМ И КУЛТУРА "ВКУСОВИТЕ НА ГАЗИ БАБА"

### Член 1

Во Правилникот за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба" ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/23), во член 3 став (3) зборовите и бројот "Јавниот повик ќе трае до 15 јуни" се заменуваат со зборовите и бројот **"Јавниот повик ќе трае до 18 август"**.

Во член 7 став (2) точка 1 броевите и зборот "15.06.2023 година", се заменуваат со броевите и зборот **"18.08.2023 година"**.

### Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5119/15**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**